| Камери<br>Санитарни книшки<br>Списоци за ситематски прегледи<br>Решение за тим за поддршка<br>Решенија за индивидуални инклузивни тимови<br>Индивидуални образовни планови<br>Записници од состаноци<br>Извештаи од МКФ<br>Програма за работа на педагогот и психологот<br>Работилници<br>Фотографии<br>Веб и ФБ страна<br>Документација кај стручната служба (хронолошки дневник, тестови, анкети)<br>Резултати од тест<br>Годишен извештај | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Тема: Грижа за безбедност на учениците и вработените<br>МНОГУ ДОБРО<br><br>Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во Берово и ПУ Двориште громобраните се со цевка и се брзостартувачки, освен што е заштитена зградата учениците и вработените се заштитени и на отворено(во дворот и на спортското игралиште) Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.Училиштето е обезбедено со видео надзор во речиси сите делови од ходниците каде најчесто се движат учениците, како и надворешниот дел од училишниот двор.<br><br>ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕДОВНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИ ПРЕДВИДЕНИТЕ МЕРКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ<br><br>•План за заштита и спасување дел бр. 01-230/1од 20.4.2015 год.;<br><br>•Мислење од Дирекцијата за заштита и спасување дел бр.10-93/2 од 1.10.2015. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ЗАПИСНИЦИ ОД ОБУКИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПП АПАРАТИ<br><br>•Склучен договор со одржување и сервис на противпожарни апарати со шишенца за погонски гас, со Електровин-Виница ул.„ Филип Втори“ бр.68 Рег.бр.овл.СГИ 0869/2. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Тема: Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>МНОГУ ДОБРО<br>Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и деловната заедница) за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Реализацијата на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите, локалната заедница и/или други релевантни институции (здравствените установи, центарот за социјална работа). |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за социоемоционалната добросостојба на учениците | Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн).<br>Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење.<br>ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ:<br>Прашање 3.17- од вкупно 70 анкетирани, целосно се согласуваат43 испитаника – 61,42%, се согласуваат 24 испитаника – 34,28%, не се согласуваат 3 испитаника – 4,29%, немаат информација 0 испитаника 0%.<br>ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:<br>Прашање 3.18. - од вкупно 114 анкетирани, целосно се согласуваат 86 испитаника – 75,43 %,<br>се согласуваат 28 испитаника – 24,56%, не се согласуваат 0 испитаника – -0%; немам информација 0-0%<br>Прашање 3.19. - од вкупно 114 анкетирани, целосно се согласуваат 76 испитаника – 66,67%, се согласуваат 36 испитаника – 31,58%,не се согласуваат 2 испитаника – 1,75% ,целосно не се согласуваат 0 испитаници - 0%,немаат информација 0 испитаника - 0%.<br>ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИК:<br>Прашање 3.13 - од вкупно 122 анкетирани, целосно се согласуваат 90 испитаника – 73,77%, се согласуваат 30 испитаника – 24,59%, не се согласуваат 2 испитаника – 1,63%, целосно не се согласуваат 0 испитаника - 0%;<br>Прашање 3.14 - од вкупно 122 анкетирани, целосно се согласуваат 62 испитаника -50,82%, се согласуваат 50 испитаника -40,98%, не се согласуваат 10 испитаникаа -8, 20%, целосно не се согласуваат 0 испитаника - 0%, немаат информација 0 испитаника -0%;<br>Прашање 3.15 - од вкупно 122 анкетирани, целосно се согласуваат 62 испитаника – 50,82%, се согласуваат 56 испитаника – 45,90%, не се согласуваат 4 испитаника – 3,28%, целосно не се согласуваат 0 испитаника – 0%; немам информација 0-0%. |

| | | |
|---|---|---|
| | | родителите кои целосно не се согласуваат и 2.5% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира предавања и користи промотивни материјали од образовните институции од регионот и пошироко за професионална ориентација на учениците.<br>ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ:<br>Прашање 3.20. - од вкупно 114 анкетирани, целосно се согласуваат 73 испитаника -64,03%, се согласуваат 31 испитаника – 27,19%, не се согласуваат 8 испитаникаа – 7,02% , целосно не се согласуваат 2 испитаника – 1,75%, немаат информација 0 испитаника - 0%.<br>ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР И СТРУЧНА СЛУЖБА<br>Прашање 3.13 - Како училиште овозможуваме сите средни училишта од нашиот град да се презентираат пред нашите ученици со нивните можности, капацитети и успешни примери од наши ученици кои го продолжиле своето образование. Овозможивме учество на нашите полуматуранти на отвореният ден на средните училишта и секако стручната служба соработува со родителите и учениците во нивно насочување согласно нивните предиспозиции и потенцијали.<br>АНКЕТИ И ИНТЕРВЈУ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА,ПРОМОТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ,СОПШТЕНИЈА,КОНКУРСИ<br>Промоција на одредени средни училишта во нашето училиште и промоција ОСУ „ Ацо Русковски“ Берово (во просториите на нашето училиштето ) и отворен ден во ресторант Ловен дом-Беровои ОСУ „Ацо Русковски “ Берово.<br>ДОКУМЕНТИ<br>Прашалник за родители,наставници и родители,интервју со директор и стручна служба, анкети и интервју за професионална ориентација, промотивни материјали од образовни институции, соопштенија, конкурси. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училишниот имиџ и углед е основен приоритет на сите структури во образовната установа. Училиштето се труди да биде препознатливо по своите напори да го одржи високиот квалитет на работа и постигања на нашите ученици во сите области. Имиџот на училиштето, неговата слика како и климата и културата во него се доста позитивни и истите се синоним за училиштето и афирмација за истото на локално, национално и меѓународно ниво. Исто така, во училиштето има истакнати кодекси на однесување, како и куќен ред на кој се придржуваат сите засегнати страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и поведението на учениците. Постојано се води педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за справување со најразлични ситуации во текот на работата на Стручната служба. Учениците преку ученичкиот парламент учетвуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми. Има училишен правобранител и имаат постојани активности според програмата која е доставена за работа. Во училиштето се почитуваат правата на децата и наставниците имаат соодветни активности како наставни така и воннаставни со што учениците се запознати со детските права и обврски, а исто така и родителите. Во училиштето се воспоставува еднаков третман на сите ученици и се спроведува правичност и еднаквост како и еднаков пристап на сите ученици во училиштето. Училиштето и наставниците имаат постојана и продуктивна соработка со родителите/старателите на учениците и истите се активно вклучени во училишниот живот и во работата на училиштето. Постојано се организираат предавања и се реализираат наставни и воннаставни активности за превенција и справување со врсничкото насилство. Исто така, во соработка со локалнта средина, надлежни институции се воспоставуваат и организираат работилници, настани и предавања за заштина од дрога, алкохол и пушење, заштита и превенција од заразни болести како и заштита од трговија со деца. Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систамтски прегледи за наставниците и учениците. Педагошко - психолошката служба води постојана евиденција и документација согласно потребите на учениците и постојано комуницира со наставниците и родителите во справувањето со социо-емоционалните проблеми на учениците, водејќи постојана грижа за менталното здравје на учениците. Педагошко – психолошката служба во соработка со учениците, наставниците и родителите даваат постојана поддршка и насочување на учениците за продолжување на нивното образование.

**Силни страни**

- Во рамки на училиштето се негува позитивна клима.
- Училиштето има изградено препознатлив имиџ во општината и успешна континуирана соработка со локалната заедница, јавните установи и деловен сектор.
- Училиштето води политика на взаемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција со цел да се подигне свеста кај учениците за меѓусебна почит, еднаквост и емпатија.
- Училиштето има усвоени и јавно истакнати кодекси за однесување со кој се запознаени учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни.
- Училиштето има формирано ученички парламент.
- Училиштето има избрано ученички правобранител.
- Училиштето има соодветна евиденција и документација за дисциплина, однесување, формирање на соодветни тела, учество и донесување на одлуки од страна на учениците.
- Училиштето има соработка со локалната средина.
- Во училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
- Во училиштето се организират работилници, едукација, наставни и воннаставни активности за превенција од насилство.
- Училиштето води грижа за учениците и наставниците за нивното здравје, за учениците од социјално загрозените семејства, како и за социо-емоционалната состојба и менталното здравје на учениците.
- Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат.

**Слаби страни**

- Нема организирана исхрана на учениците и увид во квалитетот на храната која што учениците сами ја обезбедуваат.

**Приоритети**

- Изнаоѓање начин за поголемо вклучување на родителите во активностите за запознавање со правата на децата, организирани од страна на училиштето.
- Наоѓање механизми за поголема информираност на родителите за активности кои се спроведуваат во рамки на училиштето, а се од значење за учениците и нивното понатамошно образование.

**Прилог 3**

**Резултати од Анкета за родители Вкупно анкетирани:70**

| | | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* | *Без одговор* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето | **65,78%** | **29,82%** | **45,45%** | */* | */* | */* |
| 3.2 | Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување | **49%** | **45,61%** | **3,51%** | */* | **1,75%** | */* |
| 3.3 | Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците | **73,68%** | **24,56%** | **1,75%** | */* | */* | */* |
| 3.4 | Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците | **77,19%** | **22,80%** | **1,75%** | */* | */* | */* |
| 3.5 | Моето дете сака да оди на училиште | **80,70%** | **17,55%** | **1,75%** | */* | */* | */* |
| 3.6 | Училиштето добро се справува со дисциплината | **66,66%** | **26,31%** | **2,63%** | **4,39%** | */* | */* |
| 3.7 | Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето | **54,38%** | **40,35%** | **2,63%** | **2,63%** | */* | */* |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.8 | Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици | **79,82%** | **18,42%** | **1,75%** | **/** | **/** | **/** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.9 | Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици | **70,18%** | **26,32%** | **3,51%** | **/** | **/** | **/** |
| 3.10 | Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго. | **80,70%** | **19,30%** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| 3.11 | Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците | **68,42%** | **29,82%** | **1,74%** | **/** | **/** | **/** |
| 3.12 | Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето | **61,40%** | **38,60%** | **/** | **/** | | **/** |
| 3.13 | Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство | **66,67%** | **22,81%** | **10,53%** | **/** | **/** | **/** |
| 3.14 | Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти | **66,67%** | **22,81%** | **10,53%** | **/** | **/** | **/** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.15 | Училиштето добро се справува при појава на насилство | **65,78%** | **30,70%** | **3,50%** | **/** | **/** | **/** |
| 3.16 | Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога | **54,09%** | **41,80%** | **4,09%** | **/** | **/** | **/** |
| 3.17 | Хигиената во училиштето е на високо ниво | **65,78%** | **30,70%** | **3,50'%** | **/** | **/** | **/** |
| 3.18 | Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете | **75,43%** | **24,56%** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| 3.19 | Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете | **66,67%** | **31,58%** | **1,75%** | **/** | **/** | **/** |
| 3.20 | Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците | **64,03%** | **27,19%** | **1,75%** | **/** | **/** | **/** |

**Прилог 3**
**Резултати од Анкета за наставници**
**Вкупно анкетирани: 70**

| | | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето | **37,14%** | **41,43%** | **70 %** | **/** | **/** |
| 3.2. | Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување | **60%** | **21,43%** | **5,71%** | **/** | **12,85** |
| 3.3 | Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка. | **62,86%** | **34,29%** | **2,86%** | **/** | **/** |
| 3.4 | За време на моите часови има добра работна атмосфера | **80%** | **20%** | **/** | **/** | **/** |
| 3.5 | Добро соработувам со колегите во училиштето | **74,29%** | **20 %** | **5,71%** | **/** | **/** |
| 3.6 | Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти | **47,14%** | **48,57%** | **4,28%** | **/** | **/** |
| 3.7 | Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство | **51,42%** | **37,14%** | **11,42** | **/** | **/** |
| 3.8 | Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес | **54,84%** | **41,94%** | **2 %** | **/** | **/** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.9 | Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата | **37,14%** | **40%** | **20%** | **2,86** | **/** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.10 | На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето | **51,42** | **48,57%** | **/** | **/** | **/** |
| 3.11 | Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман | 78,57% | 21,42% | / | / | / |
| 3.12 | Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности | 68,57% | 31,42% | / | / | / |
| 3.13 | Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето | 45,71% | 37,14% | 11,42% | / | 2,86% |
| 3.14 | Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес | 50% | 40% | / | / | 10% |
| 3.15 | Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата | 47,14% | 42,85% | 10% | **/** | / |
| 3.16 | Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење.алкохол и дрога | 41,41% | 45,71% | 12,86% | / | / |
| 3.17 | Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите | 61,42% | 34,28% | 4,29% | / | / |

**Прилог 3**
**Резултати од Анкета за ученици Вкупно анкетирани: 122**

| | | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Воопшто не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. | **77,04%** | **19,67%** | / | / | **3,28%** |
| 3.2 | Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици. | **68,85%** | **26,22%** | **3,28%** | / | / |
| 3.3 | Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците | **70,49%** | **27,87%** | **1,64%** | / | / |
| 3.4 | Сакам да одам на училиште | **55,74%** | **39,34%** | **1,64%** | / | **3,28%** |
| 3.5 | Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми | **49,18%** | **40,98%** | **9,83%** | / | / |
| 3.6 | Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме | **52,46%** | **31,14%** | **13,11%** | / | **3,28%** |
| 3.7 | Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето. | **63,93%** | **34,43%** | **1,64%** | / | / |
| 3.8 | Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици | **51,64%** | **36,88%** | **8,19%** | **3,28%** | / |
| 3.9 | Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици | **50,8%** | **40,98%** | **4,92%** | **1,64%** | **1,64%** |
| | Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици | **60,65%** | **32,78%** | **5,73%** | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.11 | Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето. | **78,57%** | **21,42%** | **10%** | **/** | **/** |
| 3.12 | Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права | **64,28%** | **35,71%** | **/** | **/** | **/** |
| 3.13 | Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник | **73,77%** | **24,59%** | **1,63%** | **/** | **/** |
| 3.14 | Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето | **50,82%** | **40,98%** | **8,20%** | **/** | **/** |
| 3.15 | Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем | **50,82%** | **45,90%** | **3,28%** | **/** | **/** |
| 3.16 | Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето | **55,74%** | **40,98%** | **3,28%** | **/** | **/** |
| 3.17 | Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство | **49,18%** | **41,80%** | **9,01%** | **/** | **/** |
| 3.18 | Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. | **52,5%** | **32,5%** | **12,5** | **2,5** | **/** |
| 3.19 | Училиштето е чисто и уредно | **72,13%** | **21,31%** | **4,92%** | **1,64** | **/** |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за работа на Училишниот одбор и Деловник за неговата работа; Статут на училиштето;<br>Записници од седниците, донесени одлуки и извештаи за работата на Училишниот одбор (годишни, полугодишни и тематски);<br>Развојна програма на училиштето и Програма за работа на директорот;<br>Програми и планови за професионален развој на наставниот кадар и стручните соработници;<br>Документација за учество во обуки и активности за дисеминација на стекнатите знаења и искуства (потврди, списоци на учесници, агенди и евалуациски листи);<br>Интервјуа и разговори со наставници, родители, ученици и членови на Училишниот одбор;<br>Распореди, правила и процедури за користење на училишниот простор, опремата и наставните материјали;<br>Програма за работа на | Управување со училиштето | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива, а неговото функционирање е уредено со Деловник за работа, со кој прецизно се утврдени начинот на работа, надлежностите, правата и обврските на неговите членови. Во рамките на своите законски овластувања, Одборот остварува континуирана соработка со директорот и останатите училишни структури, придонесувајќи кон ефикасно управување и стратешки развој на училиштето.<br><br>Членовите на Училишниот одбор се запознаени со законски утврдените надлежности, права и одговорности и активно учествуваат во разгледувањето на прашања од значење за функционирањето, управувањето и развојот на училиштето, како и во процесите на донесување соодветни одлуки.<br><br>Училишниот одбор ги разгледува клучните програмски и стратешки документи на училиштето, вклучувајќи ја Развојната програма, Годишната програма за работа и другите плански акти, и учествува во постапките за нивно усвојување, следејќи ја нивната усогласеност со утврдените развојни приоритети и потреби на училиштето.<br><br>Во рамките на своите надлежности, Училишниот одбор врши периодичен надзор над реализацијата на финансискиот план и наменското користење на буџетските средства, најмалку еднаш во три месеци. Со ова се обезбедува следење на финансиското работење и придонесува кон доследно почитување на принципите на транспарентност, отчетност и рационално располагање со |

| | | |
|---|---|---|
| училишната библиотека, планови за активности и евиденција за нејзиното користење. | | средствата, во согласност со потребите и приоритетите на училиштето. |
| | Раководење со училиштето | Раководството на училиштето има јасно дефинирана долгорочна визија за неговиот развој, усогласена со потребите и приоритетите на училиштето, како и со современите образовни текови. Визијата е споделена со наставниците, учениците, родителите и локалната заедница, со што се поттикнува нивното активно учество во планирањето и остварувањето на развојните цели.<br><br>Раководството поттикнува партиципативен пристап во управувањето, вклучувајќи ги наставниците, стручните соработници и другите училишни структури во креирањето политики, планирањето на активностите и донесувањето одлуки. На тој начин се зајакнуваат соработката, меѓусебната координација и заедничката одговорност за квалитетот на воспитно-образовната работа.<br><br>Училиштето континуирано ги унапредува наставните и воннаставните активности преку примена на современи образовни практики и иновативни пристапи, вклучувајќи дигитални технологии и активни методи на учење, со цел поттикнување на критичкото размислување, креативноста и соработката кај учениците. Раководството обезбедува поддршка за професионалниот развој на наставниците и примената на стекнатите знаења и вештини во наставната практика.<br><br>Раководството врши континуирано следење на реализацијата на Развојната програма и акциските планови, ги анализира остварените резултати и ги идентификува областите во кои е потребно дополнително унапредување. За утврдениот напредок редовно ги информира релевантните чинители и ги вклучува во планирањето на идните активности. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето развива партнерски односи и соработка со локалната заедница, деловниот сектор и граѓанските организации преку реализација на заеднички проекти и активности, размена на знаења и искуства и обезбедување поддршка и ресурси за унапредување на воспитно-образовниот процес. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Директорот на училиштето планира и координира рационално и ефикасно користење на расположливите човечки, материјални и технички ресурси, со цел обезбедување соодветни услови за квалитетна реализација на наставните и воннаставните активности и задоволување на потребите на учениците.<br><br>Училиштето навремено ги утврдува потребите и планира обезбедување наставни материјали, дидактички помагала, опрема и дигитална технологија неопходни за квалитетно одвивање на наставниот процес и реализација на воннаставните активности. Континуирано се следи состојбата на училишниот инвентар и се утврдуваат потребите за негово одржување, дополнување и обновување.<br><br>Училишната библиотека располага со книжен фонд од околу 14.600 книги, вклучувајќи и лектирни изданија, распоредени согласно наставните јазици што се изучуваат во училиштето. На тој начин им се овозможува на учениците и наставниците пристап до соодветна литература за потребите на наставата, учењето и истражувачката работа.<br><br>Во состав на библиотеката функционира и читална, која обезбедува простор и услови за читање, учење и истражување. Евиденцијата и управувањето со библиотечниот фонд се вршат во согласност со Законот за библиотеките, со што се овозможува систематско следење |

| | | |
|---|---|---|
| | | и соодветно користење на расположливите ресурси.<br><br>Училишната библиотека им е достапна на учениците и наставниците во текот на училишниот ден, согласно утврдениот распоред и работното време на библиотекарот. Со тоа се поттикнува редовното користење на библиотечните ресурси, развивањето на читателските навики и поддршката на процесот на учење. |
| | Раководење со кадарот | Училиштето располага со стручен и квалификуван наставен кадар и стручни соработници, кои овозможуваат квалитетна и континуирана реализација на наставните планови и програми. При отсуство на наставен кадар, се преземаат соодветни организациски мерки за обезбедување замена и непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.<br><br>Професионалниот развој на наставниците и стручните соработници се планира врз основа на утврдените потреби и индивидуалните развојни планови. Програмата за професионално усовршување е насочена кон унапредување на стручните и методичките компетенции и подобрување на наставната практика. Училиштето редовно организира дисеминација на знаењата и искуствата стекнати преку посетените обуки.<br><br>Училиштето поттикнува и поддржува учество на наставниците и стручните соработници во обуки, семинари и други форми на професионално усовршување, во согласност со нивните потреби, образовните приоритети и современите текови во образованието. Директорот се грижи за почитување на законските одредби што го регулираат професионалниот развој и кариерното напредување на вработените.<br><br>Наставниците и стручните соработници редовно ги ажурираат своите професионални досиеја, во кои се евидентираат посетените обуки, стекнатите компетенции, |

| | | |
|---|---|---|
| | | реализираните активности и професионалните постигнувања.<br><br>Училиштето има воспоставено постапка за организација, следење и реализација на приправничкиот стаж, со која се обезбедуваат стручна поддршка, менторство и насоки за професионално оспособување на приправниците и нивно успешно вклучување во воспитно-образовната работа. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Директорот и стручните соработници вршат редовно и систематско следење на наставната работа според однапред утврден распоред, со цел унапредување на квалитетот на наставниот процес. Секој наставник се набљудува најмалку двапати во текот на едно полугодие, при што се анализираат планирањето и реализацијата на наставата, применетите методи и форми на работа, како и комуникацијата и интеракцијата со учениците.<br><br>Следењето на наставата се спроведува со примена на однапред подготвени чек-листи и протоколи, кои овозможуваат систематско и објективно согледување на квалитетот на наставната практика. По секое набљудување, наставниците добиваат конструктивна повратна информација, со конкретни насоки и препораки за надминување на утврдените слабости и понатамошно унапредување на професионалните компетенции.<br><br>Резултатите од следењето и евалуацијата на наставната работа се користат за утврдување на потребите за професионален развој и планирање соодветни мерки за подобрување. На овој начин се поттикнува култура на континуирано унапредување на наставната практика и се придонесува за подигнување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. |

| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Развојна програма на училиштето; Годишен план за работа на училиштето; Извештај од самоевалуацијата; План за мониторинг и евалуација на имплементацијата на акциските планови;<br>Анкети и интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и учениците;<br>Записници од состаноците на Училишниот одбор, Советот на родители и Наставничкиот совет;<br>Интерни регулативи;<br>Програма за работа и извештаи за активностите на Училишниот одбор; Деловник за работа на Училишниот одбор; План за професионален развој; Буџет и финансиски план на училиштето. | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето применува јасно дефинирани и воспоставени процедури за креирање и унапредување на училишните политики, засновани на инклузивен и транспарентен процес во кој активно учествуваат сите релевантни чинители. Во процесот се вклучени вработените, учениците и училишните структури, како и родителите, претставниците на локалната заедница и другите партнери, кои преку своите предлози, ставови и искуства придонесуваат во обликувањето на училишните политики.<br><br>Вклученоста на различните чинители овозможува политиките да се темелат на реалните потреби, приоритети и предизвици со кои се соочува училиштето, придонесувајќи за поефикасно и поодговорно управување. Нивната примена редовно се следи и преиспитува, а по потреба се врши нивно дополнување и унапредување, со цел да се обезбеди усогласеност со актуелните образовни потреби и општествени промени.<br><br>Училиштето континуирано работи на преиспитување и усовршување на воспоставените политики, насочени кон подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа и создавање поттикнувачка средина за учење и развој. Преку ваквиот пристап се јакне неговата способност навремено да одговори на потребите на учениците и пошироката заедница и да обезбеди стабилни основи за понатамошен развој. |
| | Резултати од развојно планирање | Целите утврдени во Развојната програма на училиштето се јасно дефинирани, прецизно формулирани и реално остварливи, при што произлегуваат од утврдените потреби и приоритети за унапредување на воспитно-образовната дејност. Тие се засноваат на наодите од спроведената самоевалуација и интегралната евалуација, со што се |

| | | |
|---|---|---|
| | | обезбедува нивна усогласеност со реалните состојби, идентификуваните предизвици и можностите за понатамошен развој на училиштето. Во процесот на нивното утврдување се обезбедува активно учество на наставниците, родителите, учениците, Училишниот одбор и претставниците на локалната заедница, со што се овозможува вклучување на различните перспективи и потреби на сите релевантни чинители.<br><br>Училиштето обезбедува навремено и соодветно информирање на сите засегнати страни за утврдените развојни цели, очекуваните резултати и временската рамка за нивна реализација. Преку транспарентно споделување на приоритетите и планираните активности се поттикнува нивното активно вклучување, се јакне чувството на припадност кон заедничкиот процес и се развива колективна одговорност за остварување на поставените цели.<br><br>За операционализација на развојните цели, училиштето изготвува акциски планови во кои се утврдени конкретните активности, чекори и временски рокови за нивна реализација. Истовремено, воспоставен е систем за континуирано следење и евалуација на спроведувањето на Развојната програма, кој овозможува согледување на постигнатиот напредок, утврдување на евентуалните отстапувања и преземање соодветни мерки за унапредување. На овој начин се обезбедува систематски, координиран и континуиран пристап во остварувањето на развојните приоритети на училиштето. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот обезбедува редовно, целосно и транспарентно информирање на надлежните училишни органи и тела за финансиската состојба на училиштето, тековното располагање со буџетските средства и динамиката на нивното трошење. Финансиското планирање се темели на утврдени потреби и приоритети, при што соодветната распределба на средствата е усогласена со целите и стратешките насоки на училиштето. На тој начин се обезбедува рационално планирање на финансиските ресурси во функција на непречено одвивање на |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниот процес и остварување на развојните приоритети.<br><br>Финансиските средства се користат наменски, одговорно и економично, во согласност со утврдените потреби на училиштето и приоритетите за унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа. Нивното искористување е насочено кон обезбедување и обновување на наставни материјали, опрема и современи технолошки средства, како и поддршка на професионалниот развој на наставниот кадар. Посебно внимание се посветува на обезбедување соодветни материјални и организациски услови за квалитетна, достапна и инклузивна настава.<br><br>Финансискиот план се разгледува и одобрува од страна на Училишниот одбор и Советот на општината, со што се обезбедува институционална контрола и усогласеност на планирањето со законската регулатива и утврдените образовни приоритети. Ваквиот пристап придонесува за одговорно управување со финансиските ресурси и создава предуслови за континуирано унапредување на условите за работа и квалитетот на образованието. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

## Опис/резиме на подрачјето – многу добро

ООУ „Дедо Илљо Малешевски“ – Берово функционира во согласност со законските прописи, наставните планови и календарот за работа донесен од Министерството за образование и наука, при што училиштето навремено ги реализира наставните програми и ги исполнува своите обврски како јавна образовна установа. Училиштето обезбедува стабилен и функционален систем на управување и раководење, кој се реализира во согласност со законските регулативи, развојната програма и локалната и државната образовна политика.

Училишниот одбор ги остварува своите законски утврдени надлежности во согласност со важечката регулатива, придонесувајќи кон транспарентно, одговорно и ефективно управување со училиштето. Раководството има јасно дефинирана долгорочна развојна визија, стратешки цели и приоритети, кои се споделуваат со наставниците, учениците, родителите и локалната заедница. Процесот на донесување одлуки се заснова на соработка, консултации и активна вклученост на сите релевантни училишни органи и тела.

Директорот и стручните соработници вршат редовно и систематско следење на наставната работа според однапред утврден распоред (секој наставник се набљудува најмалку двапати во текот на едно полугодие). За ова се користат подготвени чек-листи и протоколи, при што наставниците редовно добиваат конструктивна повратна информација за унапредување на наставната практика. Наставничкиот кадар е квалификуван, компетентен и оспособен за реализација на наставни и воннаставни активности.

Во делот на ресурсите, училиштето планира и координира рационално и ефикасно користење на расположливите капацитети, обезбедува навремена набавка на наставни материјали, дидактички помагала и опрема. Училишната библиотека располага со богат книжен фонд од околу 14.600 книги и читална кои им се достапни на сите ученици и наставници во текот на училишниот ден.

Креирањето на училишната политика се заснова на инклузивни и транспарентни процедури, а целите од Развојната програма се прецизно дефинирани и остварливи. Управувањето со буџетот е транспарентно, наменско и економично. Севкупната анализа покажува дека училиштето има многу добро воспоставен и функционален систем на управување кој продолжува да се позиционира како модерна институција ориентирана кон напредок, иновации и квалитет.

## Силни страни

- Училишниот одбор ги остварува своите законски утврдени надлежности во согласност со важечката регулатива, придонесувајќи кон транспарентно, одговорно и ефективно управување со училиштето.
- Раководството има јасно утврдена развојна визија, стратешки цели и приоритети, кои се споделуваат со наставниците, учениците, родителите и другите релевантни чинители.
- Процесот на донесување одлуки се заснова на соработка, консултации и вклученост на релевантните училишни органи, тела и структури.
- Училиштето континуирано поттикнува воведување и примена на современи наставни методи, иновативни образовни практики и дигитални технологии.
- Директорот планира, координира и го следи управувањето со човечките, материјалните и финансиските ресурси на рационален и ефикасен начин.
- Училиштето обезбедува и континуирано ги унапредува расположливите наставни средства, дидактички материјали, опрема и дигитална технологија.
- Училишната библиотека располага со богат книжен фонд (околу 14.600 книги) и читална, овозможувајќи висока достапност за сите ученици и наставници.
- Училиштето располага со стручен и соодветно квалификуван наставен кадар и стручни соработници, поддржувајќи го нивниот континуиран професионален развој.
- Директорот и стручните соработници вршат систематско следење на наставниот процес (најмалку двапати по полугодие за секој наставник) и даваат конструктивна повратна информација.
- Училиштето применува јасно утврдени процедури за креирање на училишните политики, а развојните цели се прецизно дефинирани и остварливи.
- Финансиските средства се користат наменски, рационално и транспарентно, во согласност со приоритетите за унапредување на воспитно-образовната работа.

## Слаби страни

- Недоволна информираност на родителите и наставниците за трошењето на училишниот буџет.
- Недоволна информираност и вклученост на учениците во планирањето на активностите.

## Приоритети

**1.** Во однос на информираноста за училишниот буџет:

- Изнаоѓање и воспоставување дополнителни канали за редовно и транспарентно информирање на родителите и наставниците за начинот на планирање и трошење на буџетските средства (на пр. преку периодични извештаи на веб-страницата, на состаноците на Советот на родители и Наставничкиот совет).
- Подигнување на транспарентноста во финансиското работење преку подготовка на едноставни и пристапни информативни прегледи (инфографици/флаери) за реализацијата на буџетот и јавните набавки.

2. Во однос на вклученоста на учениците во планирањето:

- Активно вклучување на учениците во процесот на планирање и избор на воннаставните и проектните активности преку консултативни средби, анкети и зајакната соработка со Ученичкиот парламент.
- Воспоставување механизми за редовно информирање на учениците за планираните училишни настани, активности и иницијативи (преку училишната огласна табла, социјалните мрежи и со состаноци на одделенските заедници).

## Резултати од анкетите (Прилог 4)

Во процесот на самоевалуација беа анкетирани: 70 наставници, 114 родители/старатели и 122 ученици.

### Анкети за наставен кадар

4.1 Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма



4.2 Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, кадарот, учениците и родителите




4.3 Училиштето го обезбедува потребниот потрошен материјал



4.4 Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно моите потреби




4.5 Директорот и стручните соработници следат најмалку два наставни часа по полугодие



4.6 За моите следени часови добивам конструктивна повратна информација




4.7 Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам



4.8 Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење




4.9 Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето



**Анкети за родители/старатели**

4.1 Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во активностите




4.2 Информиран/а сум од претставникот во Совет на родители за резултатите



4.3 Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки




4.4 Училишната библиотека е достапна за сите ученици



4.5 Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен




4.6 Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето



**Анкети за ученици**

4.1 Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето




4.2 Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека во секое време



4.3 Библиотеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера



Предлог – мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето:

- Задолжително консултирање и директно вклучување на учениците (преку Ученичкиот парламент и одделенските заедници) во фазата на планирање и избор на воннаставните активности и клубови.

- Проширување на опфатот и креирање привлечни механизми и инклузивни акциски планови со кои во МИО активностите ќе се вклучи поголем и поразновиден број ученици од сите паралелки и заедници.

- На Наставнички совет формално да се изработи и усвои посебен Акциски план со временски рокови и носители за подобрување на постигањата на учениците.

- Збогатување на фондот со дидактички материјали, литература и специјализирани нагледни средства наменети за поттикнување и развој на потенцијалите кај надарените ученици.

- Воведување редовна анализа и евалуација на ефектите од дополнителната и диференцираната настава со цел нејзино оптимизирање.

- Изнаоѓање модалитети во соработка со Локалната самоуправа и Советот на родители за евентуално воведување организирана здрава ужинка или топол оброк.

- Зајакнување на едукативните кампањи за здрава исхрана промоција на здрави прехранбени навики кај учениците.

- Подигнување на финансиската транспарентност преку објавување периодични финансиски извештаи на веб-страницата на училиштето и презентирање на едноставни информативни материјали (инфографици/флаери) на состаноците на Советот на родители.

- Воспоставување функционални механизми за двонасочна комуникација (огласни табли, социјални мрежи, редовни состаноци) со цел навремено информирање и активно ангажирање на учениците во секодневниот училиштен живот.

Комисија за спроведување на СЕУ:

1. Ванчо Чибански, психолог
2. Румена Нинчевска, педагог
3. Изабела Бакаловска, предметен наставник
4. Фимка Ковачка, одделенски наставник
5. Билјана Дракалска, родител

м-р Наташа Аврамска, директор

_____

Претседател на Училишен Одбор

_____